**ЗАПИСНИК**
**од 16-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 14.04.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски, ја отвори 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, извести дека во предложениот дневен ред, под Разно, ќе има точка со наслов: Предлог-одлука за давање одобрување на директорот на Агенцијата, за потпишување на Договор за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (се однесува на деловната зграда - Палата Панко Брашнаров, во која се наоѓа седиштето на Агенцијата).

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.04.2016 година.
2. Предлог-одлука за набавка од мала вредност, за потребите на Агенцијата.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со 6 гласа „за", го усвои Записникот од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.04.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за набавка од мала вредност, за потребите на Агенцијата. Објасни дека знамето на Република Македонија, кое во моментов е поставено на куполата на зградата Палата Панко Брашнаров, е видно оштетено и дотраено. Поради тоа потребно е да се набави ново знаме, со што во дел од средствата за плаќање, ќе учествува и Агенцијата за млади и спорт, како корисник на објектот - Палата Панко Брашнаров.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2327/1 од 13.04.2016 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за набавка од мала вредност (знаме на Република Македонија), за потребите на Агенцијата, во износ кој нема да надмине 8.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

Од трите наведени понуди, најсоодветна е понудата од Друштво за производство и промет на стоки и услуги „ДИЈАГ" ДОО, Скопје, бр.0504-410/01 од 12.04.2016 година (наш бр.05-2310/1 од 12.04.2016 година), во износ од 7.670,00 денари година, со вклучено ДДВ, поради тоа што е финансиски најповолна за Агенцијата.

Агенцијата за млади и спорт, како корисник на објектот - Палата Панко Брашнаров, на ден 12.04.2016 година достави согласност бр.11-524/2 (наш бр.03-2265/2 од 12.04.2016 година) за партиципирање во плаќањето на новото знаме на Република Македонија во висина од 30,67 % од неговата цена.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 3**

**Разно**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за потпишување на Договор за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека согласно законската процедура, делот од административната зграда која ја користи АААВМУ, ќе премине во трајно користење на Агенцијата. Оттаму, Службата за општи и заеднички работи, врз основа на Одлука донесена од Владата, достави договор на потпишување, за да може во Агенција за катастар на недвижности да се заведе објектот на име на Република Македонија, но во трајно користење на Агенцијата. Посочи дека договорот кој е доставен до Агенцијата, претставува стандарден терк.

Г-дин Фетаи, побара појаснување, дали Агенцијата ќе биде сопственик на објектот или ќе и биде предадена на трајно користење?

Г-дин Трајчевски, објасни дека во Агенцијата за катастар на недвижности, објектот, односно недвижната ствар, Палатата Панко Брашнаров, ќе биде запишана во сопственост на Република Македонија, со забелешка дека на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе ѝ биде дадена на трајно користење.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-2347/1 од 14.04.2016 година и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе Одлука со која даде одобрување, директорот на Агенцијата, во име на Агенцијата, да го потпише Договорот за давање на трајно користење на

недвижна ствар, без надоместок, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложена одлуката.

Одлука произлегува од потребата за потпишување на Договор за давање на трајно користење на недвижна ствар меѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како примател на недвижната ствар и Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија како давател на недвижната ствар, врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Скопје, бр.42-2749/1 од 5 април 2016 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2016 од 06.04.2016 година.

Предмет на горенаведениот договор, е давање на трајно користење без надоместок на недвижна ствар, која е опишана во член 3 од истиот, а се однесува на деловната зграда -Палата Панко Брашнаров, во која се наоѓа седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр. 02-2285/4**
**28-04 2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**